# Општина Кочани

Rade Kratov~e br.1 * 2300 Ko~ani
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, распишува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 34-226/2
05.02. 2025 год.
КОЧАНИ

**ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОК ЗА ЈАВНА ОБЈАВА**
**за ангажирање на лица за вршење работи – достава на акти**
**со Договор на дело**

Општина Кочани, повторно распишува јавна објава за ангажирање на најмногу **20 (дваесет)** лица за вршење на работи – достава на акти со Договор на дело.

Лицата кои ќе бидат ангажирани за достава на акти, ќе вршат достава на

- Решенија за данок на имот за физички и правни лица,
- Решенија за комунална такса за физички и правни лица
- Опомени за данок на имот
- Опомени за комунална такса.

Ангажираните лица доставата ќе треба да ја извршуваат на територија на општина Кочани, во градот и населените места, односно Општината ќе се обврзе да исплати паричен надоместок во износ **25 денари** од извршена достава, од горенаведените акти.

Со секое ангажирано лице ќе се склучи посебен Договор, во согласност на член 619 од Закон за облигациони односи – Договор на дело.

Минимум критериуми и потребна документација за пријавување:

- Пријава за јавна објава, со лични квалификации, адреса и телефон за контакт;
- Лицата кои се пријавуваат да имаат завршено минимум средно образование;

Јавната објава трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето, односно од **06.02.2025 година** до **15.02.2025 година.**

Пријавите со документацијата се доставуваат во Едношалтерската канцеларија на Општина Кочани или по пошта на адреса: ул. Раде Кратовче бр.1, 2300 Кочани, Република Македонија.

**Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Љупчо Папазов**

Изготвил:
Меги Маркова